ОПШТИНА БИТОЛА

# ПОКАНА

## ЗА ЈАВНА ДЕБАТА ЗА ПРИОРИТЕТНИТЕ ОБЛАСТИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ОД НВО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ RELOAD2 (УНДП)

Општина Битола ги информира Здруженијата на граѓани дека во среда, 15 декември 2021 година, со почеток во 13:00 часот, во просториите на Советот на општина Битола, ќе се одржи јавна дебата за приоритетните области за поднесување на предлог проекти од страна на Здруженијата на граѓани, а во врска со проектот ReLOaD2.

Ве покануваме да учествувате на Јавната дебата и да дадете свое видување и сугестии за предлог приоритетните области кои ќе бидат вклучени во насоките за поднесување проекти по јавниот повик (кој што дополнително ќе биде објавен).

Поради актуелната состојба со Ковид-19 замолуваме за почитување на мерките за заштита и превенција.

Присуство може да потврдите на е- маил: dejand@bitola.gov.mk.

Проектот ReLOaD2, во кој учествува и општина Битола, е финансиран од Европската Унија (ЕУ), а го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

**ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА БИТОЛА**

1. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1.1. Подигнување на еколошката свест за зачувување на природните богатства, растителниот и животински свет

1.2. Развој на еко туризмот

## 2 . КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

2.1. Афирмација на културното наследство на општина Битола – претставување на фолклорната традиција

2.2. Претставување на спојот на традиционалните национални култури во општина Битола – фолклор, обичаи, литература

## 3.СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈА

3.1 Активности со цел подобрување на квалитетот на животот на стари лица - сервис за стари лица во домашни услови (патронажа)

3.2 Активности за помош и поддршка на самохрани родители и родители кои имаат деца со попреченост

3.3 Подобрување на економската состојба на жените преку поддршка на проекти за вработување/ само-вработување особено за припадничките на ранливите групи

## 4. МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

4.1. Подигнување на капацитетите на младите за вработување и самовработување

4.2. Поттикнување на здрав живот и здрави навики кај младите преку спортски активности во Општина Битола

4.3 Проекти за поттикнување и развој на волонтерството и активизмот кај младите за нивна поголема вклученост во заедницата